Република Северна Македонија
**ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ**
Бр. 04-186/12
18.07. 2019 год.
Скопје

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија", бр. 58/00, 44/02, 82/08 и 167/10 и 51/11), член 67 од Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија", бр. 9/04, 113/07, 145/10, 80/12 и 41/14) и член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18) директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, донесе:

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации

Член 1

Со овој правилник се вршат измени на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Бр.01-283/1 од 19.08.2016 година, како и Правилниците за измена и дополна на Правилникот за систематизација на ДБКИ Бр. 01-283/7 од 29.09.2016 година, Бр. 01-70/2 од 31.01.2018 година, Бр. 01-188/1 од 20.03.2018 година, Бр. 01-188/4 од 16.05.2018 година, Бр.01-186/2 од 13.03.2019 година и Бр.01-186/6 од 22.04.2019 година.

Член 2

Членовите 11 и 12 **се бришат**.

Член 3

Во член 13 точка Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор, Одделение за вршење на инспекциски надзор на безбедноста на класифицирани информации, кај работното место под реден бр.10, Раководител на одделението

за вршење на инспекциски надзор на безбедноста на класифицирани информации, ИНС 01 01 Б04 000, 1 извршител, во делот:

- „Вид на образование" зборовите „стекнати 300 кредити според ЕКТС или VII/1 степен на високо образование" **се бришат** ";
- „Други посебни услови" зборовите „најмалку четири години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку една година на работно место од ниво В1" **се бришат.**

Член 4

Во член 13 точка Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор, Одделение за вршење на инспекциски надзор на безбедноста на класифицирани информации, кај работното место под реден бр.11, Советник инспектор за безбедност на класифицирани информации, ИНС 01 01 В01 000, 2 извршители, во делот „Други посебни услови",за наведеното работно место, зборовите „најмалку три години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку две години на работно место од ниво В2" **се бришат**.

Член 5

Во член 13 точка Сектор за административна, персонална и за индустриска безбедност на класифицирани информации, Одделение за странски класифицирани информации, кај работното место под реден бр.23, Помлад референт –доставувач за НАТО/ЕУ класифицирани информации, УПР 01 01 Г04 000, 1 извршител, во делот „Други посебни услови", за наведеното работно место, зборовите „поседување на возачка дозвола „Б" категорија најмалку 2 години" **се бришат.**

Член 6

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерство за информатичко општество и администрација и неговото објавување на огласната табла во Дирекцијата.

**ДИРЕКТОР**
Стојан Славески